Врз основа на член 92 став (12) од Законот за акцизите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 април 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ЕНЕРГЕНТИТЕ, ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД, КАКО И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКАТА НА АКЦИЗАТА

### Член 1

Со оваа одлука се определува видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата.

### Член 2

Видовите на енергенти од член 1 од оваа одлука се:  - Моторен бензин од тарифните ознаки 2710 12 45 00, 2710 12 49 00 и - Гасно масло како погонско гориво од тарифните оз наки 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 19 00, 2710 19 44 00 и 2710 19 42 00.

### Член 3

Начинот на пресметка на акцизата се врши согласно одредбите од член 92 став (11) од Законот за акцизите (*) („Службен весник на Република Северна Македо нија“ бр.108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21, 57/22, 209/23 и 265/24).  Член 4  Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување то во „Службен весник на Република Северна Македо нија“, а ќе започне да се применува од 00:01 часот на 7 април 2026 година до 24:00 часот на 20 април 2026 година.

Бр. 57-3411/3
5 април 2026 година
Скопје

Претседател на Владата на Република
Северна Македонија,
проф. д-р Христијан Мицкоски, с.р.